# ОПШТИНА ГРАДСКО

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 90/4
17.02. 2025 год.
ГРАДСКО

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ГРАДСКО ЗА 2024 ГОДИНА

Предлагач:
Градоначалник на Општина Градско
Киро Нацков

Изготвил:
Одделение за финансиски прашања
Елена Смилкова

*Градско, Февруари 2025 година*

Содржина:

- Вовед_______________________________________________________

- Годишна сметка / наративен дел
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност
- Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капителните и блок дотации, дотациите за делегирани надлежности
- Изјава од одговорниот сметководител
- Прилози
- Бруто биланс сметка Буџет
- Биланс на состојба сметка Орган

# 1.ВОВЕД

## Основни податоци за Општината

Број на жители: 3.233 жители
Површина и населени места : Нејзината територија зафаќа површина 290 km², со 16 населени места од кои 10 се активни села.

Територијата на Општина Градско се наоѓа во средното Повардарие, односно од двете страни на реката Вардар пред влезот во Тиквешката Котлина во средишниот дел на Македонија. Целата територија на Општина Градско е сместена во долината на Вардар, а токму во Општина Градско во реката Вардар се влеваат двете нејзини најголеми притоки, Брегалница од левата и Црна Река од десната страна. Ова укажува на поволната хидрографска состојба во Општината што е пак главна причина и услов за одличните услови и развој на градинарството. Во западниот дел на Општина Градско се протега планината Клепа, на која се развиени идеални услови за сточарство.

## Надлежност

Согласно одредбите на Законот за локална самоуправа и Статутот на општина Градско во кои е уредено вршењето на работите од јавен интерес, како и работите кои не се исклучени од надлежност на општините или не се во надлежност на државните органи, Општината врши работи од јавен интерес од локално значење. Во таа насока надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки зазаштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

### Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на Општината

Претпоставките врз основа на кои се заснива подготвувањето на Буџетот на Општина Градско произлегуваат од законските и подзаконските прописи со кои се уредени правата, обврските и надлежностите на Општината Градско, Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002), Законот за финансирање на едниците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 53/21, 77/21 и 150/21 и 173/22), Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) макроекономските индикатори, фискалната политика на Владата на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги и основните насоки за поготовка на Буџетот за 2024 година добиени од Министерството за Финансии на Република Северна Македонија.

Советот на Општина Градско на 29 седница одржана на ден 25.12.2023 година, го донесе Буџетот на Општина Градско за 2024 година со бр.08-513/3. На истата седница е донесена и Одлуката за извршување на буџетот на Општина Градско за 2024 година со бр.08-513/4.

Во текот на 2024 година се донесени три Одлуки за измена и дополнувања на Буџетот на Општина Градско за 2024 година и тоа: Одлука за измена и дополнувања на Буџетот на Општина Градско за 2024 година (прв ребаланс) со бр.08-223/3 на 34-та седница одржана на ден 05.06.2024 година, Одлука за измена и дополнувања на Буџетот на Општина Градско за 2024 година (втор ребаланс) со бр.08-360/3 на 38-тата седница одржана на ден 24.10.2024 година и Одлука за измена и дополнувања на Буџетот на Општина Градско за 2024 година (трет ребаланс) со бр.08-381/4 на 39-тата седница одржана на ден 30.10.2024 година .

Усвоена е и една Измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2024 година со бр.08-223/4 од 05.06.2024 година донесена на 34-тата седница на совет.

# 2.БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## ГОДИШНА СМЕТКА ЗА 2024 ГОДИНА

## 2.1.ПРИХОДИ НА ОПШТИНАТА

Успешноста на планирањето се согледува низ споредбени показатели или соодност на планираните и реализираните приходи во буџетот.

Тие показатели ќе ја дадат и оценката за успешноста во работењето на даночната администрација пред се вопланирањето и наплатата на сопствените општински приходи, како и напорите кои ги прават органите на општина Градско со цел обезбедување на дополнителни средства од програмите на надлежните министерства и донации од земјата и странство со што би се реализирале одредени проекти потребни за општината.

**Вкупните приходи на Општина Градско планирани се на износ од 110.262.348,00 денари и реализирани во текот на 2024 година во висина од 101.332.224,00 денари или 91,90%.**

## На сметката Основен буџет 2024 година на Општина Градско планирани се и реализирани следните приходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **58.978.471** | **50.611.321** | **85,81** |
| **71 Даночни приходи** | **12.194.332** | **11.956.554** | **98,05** |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 1.066.000 | 1.418.112 | 133,03 |
| 713 Даноци на имот | 4.375.332 | 4.989.547 | 114,04 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 6.253.000 | 5.548.895 | 88,74 |
| 718 Такси на користење или дозволи за вршење дејност | 500.000 | 0 | 0,00 |
| **72 Неданочни приходи** | **109.329** | **104.957** | **96,00** |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 70.000 | 77.067 | 110,10 |
| 725 Други неданочни приходи | 39.329 | 27.890 | 70,91 |
| **73 Капитални приходи** | **16.616.356** | **10.659.640** | **64,15** |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 16.616.356 | 10.659.640 | 64,15 |
| **74 Трансфери и донации** | **30.058.454** | **27.890.170** | **92,79** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 30.058.454 | 27.890.170 | 92,79 |




***сл.1 Вкупни приходи на сметка на Основен буџет на Општина Градско за 2024 година***

*Графички вкупните приходи на основниот буџет се прикажани на слика 1. Од сликата можат да се утврдат позитивните и/или негативните трендови на планирање или отстапувања доколку за истите се утврди дека ги има.*

### 71 Планираните даночни приходи се остварени со 98,90%

Ставка 711 - Данок од доход, од добивка, и од капитални добивки, од планираните 1.066.000,00 денари од вкупниот буџет, отварени приходи се во износ од 1.418.112,00 денари или 133,03%.

Ставка 713 - Данок на имот од планираните во вкупниот буџет 4.375.332,00 денари, остварени приходи се во износ од 4.989.547,00 денари или 114,04%.

Ставка 717 - Данок на специфични услуги од планираните 6.253.000,00 денари остварени приходи се во износ од 5.548.895,00 денари или 88,74%.

Ставка 718 - Такси на користење или дозволи за вршење дејност планирани се 500.000,00 но нема реализација по овој вид на приход.

**72 Планираните неданочни приходи се остварени со 96,00%**

Ставка 722 - Глоби, судски и административни такси од планираните 70.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 77.067,00 денари или 110,10%.

Ставка 725 - Други неданочни приходи од планираните 39.329,00 денари, остварени приходи се во износ од 27.890,00 денари или 70,91%.

**73 Планираните капитални приходи остварени се со 64,15%**

Ставка 733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања планирани средства се 16.616.356,00 денари, а остварени се приходи од 10.659.640,00 денари или 64,15%.

**74 Планираните трансфери и донации оставарени се со 92,79%**

Ставка 741-Трансфери од други нивоа на власт од планираните 30.058.454,00 денари, остварени се приходи во износ од 27.890.170,00 денари или 92,79%.

**Вкупните приходи на основниот Буџет на Општина Градско во 2024 година се реализирани со 85,81 %.**

## На сметката Самофинансирачки активности планирани се и реализирани следните приходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **415.000** | **260.720** | **62,82** |
| **71 Даночни приходи** | 0 | 0 | 0,00 |
| **72 Неданочни приходи** | **415.000** | **260.720** | **62,82** |
| 723 Такси и надоместоци | 415.000 | 260.720 | 62,82 |
| **74 Трансфери и донации** | **0** | **0** | **0,00** |




***сл.2 Вкупни приходи сметка Самофинсирачки активности***

*Графичкиот приказ покажува колку средства се остварени на сметката за Самофинансирачки активности*

**Вкупните приходи на сметката Самофинансирачки активности се реализирани со 62,82%.**

Пооделно остварувањето на приходите кај локалните јавни установи Советот на Општина Градско ќе може да ги констатира преку разгледување на завршните сметки на локалните јавни установи, конкретно на сметката на ООУ “Даме Груев” Градско.

## На сметката Дотации планирани се и реализирани следните приходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **47.248.877** | **46.889.433** | **99,24** |
| **74 Трансфери и донации** | **47.248.877** | **46.889.433** | **99,24** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 47.248.877 | 46.889.433 | 99,24 |




***сл.3 Вкупни приходи сметка Дотации***
*Графичкиот приказ покажува колку средства се остварени на наменската сметка за блок дотации*

**Во сметката за Дотации планирани се приходи со вкупен износ 47.248.877,00 денари, на оваа сметка има остварување на приход од 46.889.433,00 денари или 99,24% средства кои ги добива општината како блок дотација за основно образование.**

## На сметката Донации планирани се и реализирани следните приходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **3.620.000** | **3.570.750** | **98,64** |
| **74 Трансфери и донации** | **3.620.000** | **3.570.750** | **98,64** |
| 742 Донации од странство | 3.620.000 | 3.570.750 | 98,64 |




***сл.4 Вкупни приходи сметка Донации***
*Графичкиот приказ покажува колку средства се остварени од Донации локалните јавни установи*

До крајот на 2024 година остварени се приходи по основ на Донации и тоа:

**Во сметките за Донации планирани со вкупен износ 3.620.000,00 денари донација од УНДП за реализација на капитални проекти, на оваа сметка има остварување на приход од 3.570.750,00 денари или 98,64%.**

## 2.2 РАСХОДИ НА ОПШТИНАТА

Законските прописи и програмското планирање се основа за планирање на расходната страна на буџетот на Општина Градско. Под програмско планирање се донесените програмите од страна на Советот на Општина Градско утврдени согласно со надлежностите.

Расходната страна на Основниот буџет на Општината Градско може да се прикажува по видови по сметки и програми. Согласно програмската класификација во Буџетот на Општина Градско се опфатени 20 буџетски програми. Реализацијата на расходите во текот на цела 2024 година е извршена како резултат на спроведени постапки за јавни набавки и **склучени 17 Договори за јавна набавка**, добиени **622 фактури** во одделението за финансиски прашања и други расходи предвидени согласно Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002) и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на Р.М. бр 61/04, 96/04 и 156/09).

### На сметката на основниот буџет на Општина Градско планирани се и реализирани следните расходи

| | **Планирани** | **Реализирани** | **% на реализација** |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **58.978.471** | **48.120.893** | **81,59** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **14.374.006** | **14.074.834** | **97,92** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 8.905.000 | 8.846.794 | 99,35 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 3.492.000 | 3.388.223 | 97,03 |
| 404 Надоместоци | 1.977.006 | 1.839.817 | 93,06 |
| **42 Стоки и услуги** | **14.063.680** | **12.874.251** | **91,54** |
| 420 Патни и дневни расходи | 70.000 | 50.000 | 71,43 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 3.338.687 | 3.276.412 | 98,13 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 3.165.572 | 2.612.957 | 82,54 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 2.424.000 | 2.093.091 | 86,35 |
| 425 Договорни услуги | 1.427.421 | 1.410.153 | 98,79 |
| 426 Тековни расходи | 1.438.000 | 1.249.513 | 86,89 |
| 427 Привремени вработувања | 2.200.000 | 2.182.125 | 99,19 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **8.894.902** | **6.439.963** | **72,40** |
| 461 Субвенции за јавнни претпријатија | 2.349.240 | 2.349.240 | 100,00 |
| 463 Трансфери до невладини организации | 560.000 | 342.000 | 61,07 |
| 464 Разни трансфери | 5.985.662 | 3.748.623 | 62,63 |
| **47 Социјални бенифиции** | **415.000** | **399.449** | **96,25** |
| 471 Социјални надоместоци | 415.000 | 399.449 | 96,25 |
| **48 Капитални расходи** | **21.230.883** | **14.332.496** | **67,51** |
| 480 Купување на опрема и машини | 4.039.873 | 2.139.873 | 52,97 |
| 482 Други градежни објекти | 17.183.010 | 12.192.623 | 70,96 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 8.000 | 0 | 0,00 |




*сл.5 Вкупни расходи сметка Основен буџет*

## Вкупни тековни оперативни расходи:

- **Ставка 401** - Основни плати реализирани се расходи во износ од 8.846.794,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 8.905.000,00 денари или 99,35%.
- **Ставка 402** - Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се трошоци во износ од 3.388.223,00 денари од вкупно планирани во буџетот 3.492.000,00 денари или 97,03%.
- **Ставка 404** - Надоместоци реализирани се трошоци од 1.839.817,00 денари од планираните 1.977.006,00 денари или 93,06%.
- **Ставка 420** - Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 50.000,00 денари од планираните 70.000,00 денари или 71,43%.
- **Ставка 421** - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во износ од 3.276.412,00 денари, од планираните 3.338.687,00 денари или 98,13%.
- **Ставка 423** - Материјали и ситен инвентар реализирани се расходи во износ од 2.612.957,00 денари, од планираните 3.165.572,00 денари или 82,54%.
- **Ставка 424** - Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 2.093.091,00 денари од планираните 2.424.000,00 денари или 86,35%.
- **Ставка 425** - Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 1.410.153,00 денари од планираните 1.427.421,00 денари или 98,79%.
- **Ставка 426** - Други тековни расходи реализирани се трошоци во износ од 1.249.513,00 денари, од планираните 1.438.000,00 денари во вкупниот буџет или 86,89%.
- **Ставка 427** - Привремени вработувања, реализирани се трошоци во износ од 2.182.125,00 денари, од планираните 2.200.000,00 денари во вкупниот буџет или 99,19%.
- **Ставка 461** – Субвенции за јавни претпријатија реализирани трошоци се 2.349.240,00 денари од планираните 2.349.240,00 денари или 100,00%.

- **Ставка 463** - Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци во износ од 342.000,00 денари, од планираните 560.000,00 денари или 61,07%.
- **Ставка 464** - Разни трансфери реализирани се трошоци во износ од 3.748.623,00 денари од планираните 5.985.662,00 денари или 62,63%.
- **Ставка 471** - Социјални надоместоци, реализирани се трошоци во износ од 399.449,00 денари од планираните 415.000,00 денари или 96,25%.

### Вкупни капитални расходи:

- **Ставка 480** - Купување на опрема и машини, реализирани се расходи во износ од 2.139.873,00 денари од планираните 4.039.873,00 денари или 52,97%.
- **Ставка 482** - Други градежни објекти, реализирани се расходи во износ од 12.192.623,00 денари од планираните 17.183.010,00 денари или 70,96%.
- **Ставка 485** - Вложувања и нефинансиски средства нема реализирани расходи а планирани се 8.000,00 денари или 0,00% реализација.

## Извршување на расходите на ниво на програма:

Извршувањето на расходите на буџетската сметка за сите програми е со 81,59% односно од планираните 58.978.471 денари реализирани се 48.120.893 денари.

- Програмата А0-Совет на општината од планираните 5.011.240 денари реализирани се 4.701.750 денари односно 93,82%;
- Д0-Градоначалник од планираните 2.097.000 реализирани се 1.953.337 односно извршена со 93,15%;
- Е0-Општинска администрација од планираните 22.872.807 денари реализирани се 20.387.890 денари или програмата е реализирана со 89,14%;
- ЕА-Капитални трошоци на општината од планираните 73.997 денари реализирани се 65.997 денари што е 89,19%;
- Ј3-Јавно осветление од планираните 1.900.000 денари реализирани се 1.599.542 денари или 84,19%;
- Ј5-Јавен локален превоз на патници од планираните 111.534 денари, реализирани се 111.534 денари односно 100,00%;
- Ј6-Одржување и заштита на локални патишта улици и регулирање на сообраќајот од планираните 700.000 денари реализирани се 500.398 денари односно 71,48%;
- Ј7-Одржување и користење на паркови и зеленило од планираните 320.000 денари реализирани се 319.313 денари или 99,78%;
- Ј8-Други комунални услуги од планираните 170.000 денари реализирани се 170.000 денари или 100,00%;
- ЈА- Изградба на јавно осветлување од планираните 2.073.876 денари, реализирани се 2.073.876 денари односно 100,00%,
- ЈД0-Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици од планираните 6.104.097 денари реализирани се 4.319.744 денари или 70,77%;
- ЈДА – Модернизација на централното подрачје во Градско, развојна програма од планираните 5.778.913 денари реализирани се 5.778.913 денари или 100,00%;
- ЈДБ – Реконструкција на дел 2 од улица 8ми Септември во Градско, развојна програма за која се планирани 3.200.000 денари во 2024 година и истата нема реализација;

- ЈК-Јавна чистота (капитални расходи) планирани се 1.900.000 денари истата нема реализација во 2024 година;
- К4–Културни манифестации и творештво од планираните 1.236.180 денари реализирани се 1.235.816 денари или 99,97%;
- ЛО-Спорт и рекреација од планираните 400.000 денари реализирани се 182.000 денари или 45,50%,
- ЛА-Спорт и рекреација (капитални расходи) од планираните 2.100.000 денари реализирани се 2.093.966 денари или 99,71%;
- Н1-Основно образование од планираните 2.448.827 денари, реализирани се 2.194.401 денари или со 89,61%,
- В1-Детски градинки од планираните 460.000 денари реализирани се 412.416 денари или 89,66%,
- Х1-Родова еднаквост – од планираните 20.000 денари, реализирани се 20.000 денари односно 100,00%,

## На сметката Самофинансирачки активности на Општината Градско планирани се и реализирани следните расходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **415.000** | **251.108** | **60,51** |
| **42 Стоки и услуги** | **415.000** | **251.108** | **60,51** |
| 420 Патни и дневни расходи | 60.000 | 29.298 | 48,83 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 20.000 | 2.758 | 13,79 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали запоправка | 10.000 | 602 | 6,02 |
| 425 Договорни услуги | 315.000 | 218.450 | 69,35 |
| 426 Тековни расходи | 10.000 | 0 | 0,00 |




**сл.6 Вкупни расходи сметка Самофинансирачки активности**

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката **САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ** се реализирани со 251.108,00 денари од планираните 415.000,00 денари или 60,51% и тоа:

- **Ставка 420** - Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 60.000,00 денари, реализирани се средства во износ од 29.298,00 денари или 48,83%.
- **Ставка 421** - Комунални услуги греење и транспорт планирани се трошоци од 20.000,00 денари, реализирани се 0,00 денари односно 0,00%.
- **Ставка 423** - Материјали и ситен инвентар планирани се трошоци во износ од 10.000,00 денари реализирани се 602,00 денари или 6,02%.
- **Ставка 425** - Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 315.000,00 денари реализирани се во износ од 218.450,00 денари односно 69,35%.
- **Ставка 426** - Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 10.000,00 денари, реализирани се 0,00 денари односно 0,00% - нема реализација.

## На сметката Дотации на Општината Градско планирани се и реализирани следните расходи

| | **Планирани** | **Реализирани** | **% на реализација** |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **47.248.877** | **46.889.433** | **99,24** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **30.121.810** | **30.038.053** | **99,72** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 21.293.640 | 21.256.620 | 99,83 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 8.256.170 | 8.243.217 | 99,84 |
| 404 Надоместоци | 572.000 | 538.216 | 94,09 |
| **42 Стоки и услуги** | **8.926.977** | **8.696.493** | **97,42** |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 2.265.800 | 2.227.093 | 98,29 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 1.067.570 | 994.826 | 93,19 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 2.093.197 | 2.092.505 | 99,97 |
| 425 Договорни услуги | 3.281.100 | 3.214.249 | 97,96 |
| 426 Тековни расходи | 219.310 | 167.820 | 76,52 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **338.390** | **335.633** | **99,19** |
| 464 Разни трансфери | 338.390 | 335.633 | 99,19 |
| **48 Капитални расходи** | **7.861.700** | **7.818.254** | **99,45** |
| 480 Купување на опрема и машини | 250.000 | 250.000 | 100,00 |
| 482 Други градежни објекти | 7.272.700 | 7.263.254 | 99,87 |
| 483 Купување на мебел | 339.000 | 306.000 | 90,27 |




*сл.6 Вкупни расходи сметка дотации*

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката на **ДОТАЦИИ** се реализирани со 46.889.433,00 денари од планираните 47.248.877,00 денари или 99,24%, сите расходи произлегуваат од надлежноста основно образование и тоа:

- **Ставка 401**-Основни плати и надоместоци од планираните 21.293.640 денари реализирани се 21.256.620 денари, односно 99,83%;
- **Ставка 402**-Придонес за социјално осигурување од планираните 8.256.170 денари, реализирани се 8.243.217 денари или 99,84%;
- **Ставка 404**-Надоместоци од планираните 572.000 денари реализирани се 538.216 денари или 94,09%;
- **Ставка 421**- Комунални услиги греење комуникација од планираните 2.265.800 денари, реализирани се 2.227.093 денари или 98,29%;
- **Ставка 423**-Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка од планираните 1.067.570 денари реализирани се 994.826 денари или 93,19%;
- **Ставка 424**-Поправки и тековно одржување од планираните 2.093.197 денари реализирани се 2.092.505 денари или 99,97%;
- **Ставка 425**-Договорни услуги од планираните 3.281.100 денари реализирани се 3.214.249 денари или 97,96%;
- **Ставка 426** -Тековно оперативни расходи од планираните 219.310 денари реализирани се 167.820 денари или 76,52%;
- **Ставка 464** -Разни трансфери од планираните 338.390 реализирани се 335.633 денари или 99,19%;
- **Ставка 480**-Купување на опрема и машини од планираните 250.000 денари реализирани се 250.000 денари односно 100,00%;
- **Ставка 482**-Други градежни објекти од планираните 7.272.700 денари реализирани се 7.263.254 денари или 99,87%;
- **Ставка 483**-Купување на мебел од планираните 339.000 денари реализирани се 306.000 денари односно 90,27 %.

## На сметката Донации на Општината Градско планирани се и реализирани следните расходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **3.620.000** | **2.000.000** | **55,25** |
| **48 Капитални расходи** | **3.620.000** | **2.000.000** | **55,25** |
| 482 Други градежни објекти | 3.620.000 | 2.000.000 | 55,25 |




*сл.7 Вкупни расходи сметка донации*

Вкупни капитални расходи за сметката на **ДОНАЦИИ** се реализирани со 2.000.000,00 денари од планираните 3.620.000,00 денари или 55.25% и тоа:

- **Ставка 482** – Други градежни објекти од планираните 3.620.000 денари реализирани се 2.000.000 денари, односно 94,26%;

## 3.БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите насредствата и нивната вредност

Општината при изготвувањето на Завршната сметка покрај Билансот на приходи и расходи изготвува и Биланс на состојба кој е потребно да се преточи во објаснување во овој дел на Извештајот. Податоците кои се утврдени во Билансот на состојбата ја прикажуваат имотната состојба на општината.

За изготвување на Билансот на состојбата пореално, беше формирана пописна комисија со решение бр.09-24/1 од 15.01.2025 година од страна на Градоначалник, со цел да ја утврдат состојбата на недвижниот имот, основните средства и ситниот инвентар, како и побарувањата и обврските на Општината.

Пописната комисија за спроведување на попис на основни средства, побарувања и обврски во Општина Градско за 2024 година е во состав:

- Душица Самарџиева- Претседател
- Лилјана Љуткова- член
- Мери Седмакова Димовска- член

Според извештајот на Пописната комисија за спроведување на попис на основни средства, побарувања и обврски во Општина Градско за 2024 година, совесно и одговорно ја извршила својата задача и обезбедила податоци за постоечкиот имот кој се води во евиденцијата на Општина Градско.

Во Билансот на состојба се искажани следните податоци кои се совпаѓаат со извештајот на пописната комисија.

| | |
|---|---|
| **Градежни објекти** | 695.550.295,00 денари |
| Исправка на вредноста | 246.541.662,00 денари |
| **Сегашна вредност на градеж.објекти** | **449.008.633,00 денари** |

Вредноста на градежните објекти се однесува на објекти на општината, Изградба и реконструкција на локални патишта и улици, системи са водоснабдување, фекална канализација, спортски објекти, училишни објекти и други.

| | |
|---|---|
| **Опрема** | 19.373.562,00 денари |
| Исправка на вредноста на опремата | 15.943.110,00 денари |
| **Сегашна вредност на опрема** | **3.430.452,00 денари** |

Вредноста на опремата се однесува на превозни средства во сопственост на општината, информатичка технологија, мебел, и друга опрема која е во функција на општинската администрација и одговорното лице на институцијата.

| | |
|---|---|
| **Други материјални средства** | **2.105.657,00 денари** |
| Исправка на вредноста<br>на др. материјални средства | 1.298.489,00 денари |
| **Сегашна вредност на други материјални средства** | **807.168,00 денари** |

Другите материјални средства ја евидентираат вредноста на урбанистичкиот план на општината.

| | |
|---|---|
| **Нематеријални средства** | **66.279,00 денари** |
| Исправка на вредноста на нематеријалните средства | 37.558,00 денари |
| **Сегашна вредност** | **28.721,00 денари** |

Вредноста на нематеријалните средства произлегува од евидентираните софтвери кои се во функција на општинскта администрација за обавување на своите надлежности.

**Според извештајот на комисија за спроведување на попис на основни средства, побарувања и обврски во Општина Градско за 2024 година се констатираа следните состојби:**

Вкупно **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА на жиро сметка** на 31.12.2024 година: **5.427.884,00** денари од кои на :

| | |
|---|---|
| - Буџетска сметка - | 3.437.132,00 денари |
| - Сметка на наменска дотација - | 360.444,00 денари |
| - Сметка на самофинансирачки активности - | 59.558,00 денари |
| - Донаторска сметка - | 1.570.750,00 денари |

**ПОБАРУВАЊАТА се однесуваат на:** побарувања по основ на данок на имот за правни лица во износ од **2.738.357,00 денари**, данок на имот за физички лица е во износ од **1.005.855,00 денари**, побарувања по основ на комунална такса за истакнување на фирма во износ од **3.335.793,00 денари** како и евидентирани се побарување по основ на надомест за утврдување на правен стастус на бесправно изградени објекти во износ од 978.373,00. Вкупно евидентирани побарувања на општината се евидентирани во износ од **8.058.378,00** денари.

Исто така во одделението за урбанизам комунални работи и заштита на животна средина и локален економски развој евидентирани се побарувања по основ на надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти во вкупна вредност од **978.373,00** денари.

Евидентирани се **31.954.717,00 денари** вкупно **ОБВРСКИ** заклучно со 31.12.2024 година и тоа по следните основи:

**Краткорочни обврски кон добавувачите во земјата 9.284.757,00 денари.**
Обврските се однесуваат за отворени обврски за фактурите или ситуации кои се пристигнати во арховата на Општина Градско заклучно со 31.12.2023 година.

**Утужени обврски 177.843,00 денари.**
Овие обврски се однесуваат на налози за извршување кон Медиа Принт Македонија (во стечај) во износ од 35.203,00 денари и допресметка на камата кон Електрон ББ во износ од 142.640,00 денари.

**Краткорочни обврски према граѓани 336.085,00 денари.**
Тоа се обврските за бруто износот на неисплатен надоместок за присуство на седница на совет во 2024 година, **обврска кон граѓани** за доделена стипендија за еден најдобар основец во бруто износ од **11.111,00** денари и обврска за исплата на договорни услуги кон физички лица за учество во комисија за урбанизам како членови во бруто износ од **22.222,00** денари.

**Други краткорочни финансиски обврски** во износ од **1.164.306,00 денари.**
Во овие обврски се вклучени обврската кон Центарот за развој на Вардарскиот плански регион за **менацирање на проек**т во износ од **890.306,00** денари, обврска за донесени одлуки од совет за ислата на **трансфер кон спортски клубови 218.000,00** денари, **субвенција** за ЈКП Кепа Градско **56.000,00** денари.

**Пресметка и обврски за бруто плати** **1.107.469,00 денари.**
Ова е евидентирана обврска за бруто плата за месец 12/2024 година која се исплаќа во месец јануари 2025 година.

**Краткорочни обврски по основ на краткорони кредити и заеми од домашни лица** **1.910.716,00 денари.**
Евидентирана обврска за позајмица од централен буџет на РМ.

**Други долгорочни обврски** **17.973.541,00 денари.**
Ова се обврски по основ на склучен договор за Јавно приватно партнерство за замена на уличното осветлување со енергетски ефикасни ЛЕД светилки.

**Во класата 9- Извори на средства и вонбилансна евиденција** **453.274.974,00 денари**.

Во класата 9 се евидентирани сегашните вредности на нематеријалните, материјалнитедобра, објектите дадени на користење на општината од Владата на Р.М, дел од капиталните инвестиции на општината, изградба и реконструкција на водоводни системи, канализациона мрежа и коловози во општина Градско, објекти и спортски објекти во сопственост на Општина Градско, добиените средства од домашно задолжување, возниот парк на Општина Градско , опремата , канцелариски мебел и др.

## Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските,капиталните и блок дотации за делегирани надлежности

Извештајот за реализација на инвестиционите програми ја содржи групата 48 Капитални расходи која ги опфаќа: подготвување на проекти за улици, патишта, пречистителни станици, водоводи, енергетика и други објекти, изградба и реконструкција на улици и патишта, изградба и реконструкција на водоводи, изградба и реконструкција на пречестителни станици, изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката и е реализирана во износ од **14.332.496,00 денари**.

| | |
|---|---|
| 480 - Купување на опрема и машини | 2.139.873,00 денари |
| 482 - Други градежни објекти | 12.192.623,00 денари |

Меѓу реализираните капитални инвестиции на Општина Градско во 2024 година се следните:

- **Монитор 22" PHILIPS 221V8A/00 (1 парче)**, со вкупна вредност од 5.300,00 денари набавен од страна на фирмата АБЦ ТРАНЕД Велес, по фактура бр.24-310-000005 со датум на набавка 13.01.2024 година;
- **IP Телефонска централа (модел: Grandstream UCM 6300A) (1 парче)**, со вкупна вредност од 35.164,00 денари набавен од страна на фирмата Некст Хоп ДООЕЛ Скопје, по фактура бр.89/2024 со датум на набавка 27.06.2024 година;
- **IP Телефон (модел: Grandstream GRP2601) (6 парче)**, со единечна вредност од 4.130,00 денари или вкупна вредност од 24.780,00 денари (6*4.130,00) набавен од страна на фирмата Некст Хоп ДООЕЛ Скопје, по фактура бр.89/2024 со датум на набавка 27.06.2024 година;
- **Мобилен Телефон (модел: SUMSUNG GALAXY S23+ 5G) (1 парче)**, со вкупна вредност од 56.778,00 денари набавен од страна на фирмата А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, по фактура бр.2535039016 со датум на набавка 17.07.2024 година;
- **Мобилен Телефон (модел: SUMSUNG GALAXY S24 5G 128) (1 парче - мермерно сив)**, со вкупна вредност од 47.456,00 денари набавен од страна на фирмата А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, по фактура бр.2535039016 со датум на набавка 17.07.2024 година;
- **Мобилен Телефон (модел: SUMSUNG GALAXY S24 5G 128) (1 парче - оникс црн)**, со вкупна вредност од 47.456,00 денари набавен од страна на фирмата А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, по фактура бр.2535039016 со датум на набавка 17.07.2024 година;
- **Персонален компјутер HP SFF 400 G9 + Монитор HP P24G5 (1 комплет)** со вкупна вредност од 43.242,00 денари отстапен на Општина Градско на ден 19.12.2024 година од страна на UNDP Проект "Зајакнување на општинските совети-фаза 2 ";
- **Мултифункционален принтер HP LaserJet Pro MFP4103 FDN (1 парче)** со вкупна вредност од 30.570,00 денари отстапен на Општина Градско на ден 19.12.2024 година од страна на UNDP Проект "Зајакнување на општинските совети- фаза 2";
- **Реконструкција на дел од улица 29 Ноември и дел од улица Панко Брашнаров во Градско, Општина Градско** – инвестиција со вкупна вредност од 4.423.273,00 денари реализирана од страна на фирмата ГАМА ГРАДБА ДООЕЛ Скопје, врз основа на Договор бр.05-24/1 од 09.01.2024 година и датум на технички прием на објектот од 25.03.2024 година;
- **Поставување на детски реквизити и урбана опрема во м.в Стопанство во Градско, Општина Градско** – инвестиција со вкупна вредност од 2.093.966,00 денари реализирана од страна на фирмата ТУРБОИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, врз основа на Договор бр.05-448/8 од 29.11.2023 година и датум на технички прием на објектот од 18.06.2024 година;
- **Реконструкција на линиски објекти, осветлување на локална улица на КП 1339 КО Виничани, село Виничани, Општина Градско** – инвестиција со вкупна вредност од 2.000.000,00 денари реализирана од страна на фирмата КОД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, врз основа на Договор бр.05-218/13 од 18.07.2024 година и датум на технички прием на објектот од 08.10.2024 година;
- **Хортикултурно и партерно уредување на парк за деца во Градско (во непосредна близина на фудбалското игралиште)** – инвестиција со вкупна вредност од 6.638.542,00 денари реализирана од страна на фирмата КВАЛИТЕТ БЕТОНИДА ДООЕЛ Скопје, со посредство на Центарот за развој на Вардарскиот Плански Регион и датум на технички прием на објектот од 13.11.2024 година;

- **Реконструкција и модернизација на централното подрачје во Градско – ФАЗА 1, Општина Градско** – инвестиција со вкупна вредност од 10.258.318,00 денари реализирана од страна на фирмата ЛЕНДИ ГРУП ДООЕЛ Скопје, врз основа на Договор бр.05-413/7 од 02.11.2023 година и датум на технички прием на објектот од 22.11.2024 година;

За дел од инвестициите општината имаше обезбедено сопствени средства во Буџетот за 2024 година. а дел од нив се обезбедени по пат на донација или со кофинансирање.

Резултатите во 2024 година не ќе беше можно да бидат постигнати без соодветна подршка на Советот на Општина Градско. Советот одржа вкупно 13 редовни седници. Навременото и ефикасно донесување на одлуките позитивно влијаеше врз реализацијата на програмите на Општината.

Постигнатото го реализираше општинската администрација, организирана во 5 (пет) одделенија.

**Бр.08- 90/4**
**17.02.2025 год.**
**Градско**

**Претседател на Совет**
**на Општина Градско**

________________________

**Мирјана Ѓорѓиева**

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 90/4
17.02. 2025 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23)

Советот на Општина Градско на седницата одржана на 17.02.2025 година донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишниот извештај на Општина Градско**
**за 2024 година.**

**Член 1**

Советот на Општина Градско го усвои Годишниот извештај на Општина Градско за 2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Совет на Општина Градско
Претседател
______________________
Мирјана Ѓорѓиева